РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-3000/3
15-01-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98 - та седница одржана на 11.01.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот бр.09-3000/1 од 05.07.2023 година, оформен против службеното лице ______________, директор на Институтот за духовно и културно наследство на _____________ – Скопје, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК не утврди повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што нема елементи за понатамошно постапување.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

До ДКСК поднесена е пријава од познат подносител заведена под бр. 09-3000/1 од 05.07.2023 година од познат подносител против ___________, бидејќи од месец јули 2022 година извршува функција директор на Институтот за духовно и културно наследство на _____________ – Скопје и истовремено е и член на Одборот за доделување на државната награда _______________.

Во насока на правилно и целосно утврдување на фактичката состојба, ДКСК изврши проверка на наводите од пријавата и утврди следно:

Лицето _____________ покрај функцијата директор на Институтот за духовно и културно наследство на ___________ – Скопје што го извршува од месец јули 2022 година, истовремено го извршува и функцијата член во Одбор за доделување на државната наградата ____________ именуван од Собрание на Република Северна Македонија со Одлука објавена на Сл.Весник со бр.08-3643/1 од 29.07.2021 година и исто така повторно е именуван со Одлука објавена на Сл.Весник со бр.08-5691/1 од 02.09.2023 година.

Во врска со неговиот ангажман како член на Одборот за доделување на државната наградата ___________ се констатира дека со Одлука објавена на Сл.Весник со бр.08-3643/1 од 29.07.2021 година и исто така повторно е именуван со Одлука објавена на Сл.Весник со бр.08-5691/1 од 02.09.2023 година., Собранието на Република Северна Македонија го именува за член на Одборот за доделување на државната наградата ___________, како и за тој ангажман му се исплаќа паричен надоместок.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По однос на периодот од кога истовремено ја извршувала функцијата директор на Институтот за духовно и културно наследство на ______________ – Скопје, се констатира дека не се прекршени правилата за неспоивост на две функции, од причина што член на Одбор за доделување државната наградата _____________, не е функција што е опфатена со член 44 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Во оваа насока е и член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси каде се пропишани обврски за избрано или именувано лице и со овој член не се опфатени членови на одбори, каков што е предмет на разгледување во конкретниот случај.

Оттука, ДКСК не утврди забрана за извршување на две именувани функции, односно дека има повреда на правилата за неспоивост на функција која се врши со други функции или дејности утврдени во Уставот и законите.

Оттука, се констатира дека конкретната ситуација е во согласност со член 44 став 6 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси каде е пропишано:

„Службено лице може да остварува приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено.„

При вака утврдена фактичка состојба по конкретниот предмет, ДКСК утврди дека нема елементи што укажуваат на нејзино натамошно надлежно постапување по однос на постоење на судир на интереси согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изработил: Б.Џ. советник
Контролирал: К.З., раководител
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК